ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански" бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

# - КЛАСА 7 -
# Осигурување на стока во превоз (карго)

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СТОКА ВО ТРАНСПОРТ СО АВИОН

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## КЛАСА 7 - ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ПРЕВОЗ (КАРГО)

# ОПШТИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СТОКА ВО ТРАНСПОРТ СО АВИОН

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

Предмет на осигурување по овие услови е стока соответно пакувана која се натоварува, превозува, претоварува и истоварува во превоз со авион на утврдена релација во корист на осигуреникот или онака како што е договорено.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 2

Осигурувањето почнува да тече во моментот кога стоката, заради натовар, ќе го моне прагот на магазинот или доколку натоварот се врши во складот , во моментот на почетокот на натоварот и трае се додека стоката не го мине прагот на одреденото место на (приемачот) ако истоварот се врши во магацин, до моментот на растоварот.

Осигурувањето, трае без доплата и за попатните претовари и лагарување наменети за условите за транспорт на одредена релација или ако претоварот или лагерувањето се последица на остварен осигурен ризик. Сите манипулации со стоката мораат да се обавуваат со соодветни средства и во соодветни простории.

## ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 3

Премијата за осигурување се плаќа во моментот на превземањето на полисата, ако не е поинаку договорено, но најкасно во рок од 15 дена по приемот на фактурата или пресметката на премијата. Премијата за девизните осигурувања се плаќа према важечките девизни прописи во моментот на заклучувањето на договорот за превоз.

## ОСИГУРЕНА ВРЕДНОСТ

### Член 4

Вредноста на стоката која се осигурува се одредува договорно, а на основа на фактурната вредност зголемена за трошоците кои ја теретат стоката до одредиштето (превознинз, царина и други трошоци), вклучувајќи ја и очекуваната добивка во

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

вообичаена висина во прометот со одредената стока.

Максималната обврска на осигурувачот по овие услови е ограничена во полисата со висината на осигурената сума.

## ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ

### Член 5

Осигурувачот ќе му исплати надоместок на осигуреникот, или како е договорено, штета која е како последица на следните случаи:

- од некој вонреден надворешен случај, настан (сообраќајна незгода на авионот, пожар, експлозија и сл.)
- докажана делумна кражба, кражба или неиспорака на цели пакети (колети).
- надоместок на трошоците кои осигуреникот разумно ќе ги направи заради намалување или избегнување на штети кои се како последица на осигурани ризици, како и трошоци за констатација на штети кои осигуреникот морал да ги плати на хаварските комесари што ги назначил Осигурувачот.
- максималната обврска на Осигурувачот по оваа полиса не може да биде поголема од осигураната сума.

Евентуалните штети се плаќаат без франшиза освен штетите на стакло, керамика, порцелан, пластика и сл. и кршење на амбалажа (со растур и течење) од стакло, порцелан, керамика, пластика и слично кои се плативи со одбитна франшиза од 2%. Франшизата се пресметува по пратка, а со посебен доплаток може да се откупи.

## НЕОСИГУРАНИ РИЗИЦИ

### Член 6

Осигурувачот нема да му исплати надоместок на штета на осигуреникот, ако поинаку не се договори, штети кои се последици на:

- лоша намера или груби пропусти на осигуреникот, на неговите работници или лицата за кои тој одговара, оваа одредба не се однесува за лоша намера или груб пропуст на лицата кои работеле спротивно од упатствата на осигуреникот, како и на штетите кои ги предизвикале превезувачите, шпедитерите складиштарите и сл.:

- недоволно или не соодветно пакување;
- Природни својства на стоката (расипување, бомбаш, жедење, сушење, кршење на лесно кршливи стоки и сл.);
- Угинување, кршење на нозе и присилно колење на живи животни како на штети од глувци, стаорци, инсекти, црви и сл.;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

- Влијание на временските прилики (топло и студено);
- Неисправна или неточна декларација на стоката;
- Неблаговремено предавање на стоката на превоз;
- Загуби на стоката во врска со лежарина, карантин, како и давачки во врска со закаснување на пратката;
- непочитување на законски прописи и трговски обичаи на земјата од која или за која стоката се превозува;
- војна или на војна слични настани, побуни, штрајкови, граѓански немири, заплена, конфискација, задржување или било какви постапки на владите на пријателски или непријателски држави, власт на правни или фактички признати или непризнати лица и на нивни органи;

Штетите кои се како последица на природни својства на стоката (расипување, сушење, кршење, угинување и сл.) како војна и на војна слични настани и тн. Можат со посебен доплаток да се вклучат во осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 7

Осигуреникот е должен при заклучување на договорот за осигурување да го запознае осигурувачот со сите елементи кои се битни за оцеан на ризикот.

Во случај на штета осигуреникот е должен да ги зачува сите свои права према причинителите на штетата и писмено, во висина на исплатеното обезштетување да ги пренесе на осигурувачот. Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи преглед на стоката и документите поради контрола на ризикот.

## УТВРДУВАЊЕ И ЛИКВИДИРАЊЕ НА ШТЕТА

### Член 8

Сите видливи оштетувања при приемот на стоката од превозникот треба да се констатираат веднаш и да се состави записник кој ќе го потпише превозникот, а по потреба и вешто лице.

Оштетувањата кои не се согледани при приемот на пратката можат да се констатираат во рок и на начин договорен во полисата, а најкасно во рок од 7 дена.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

**Член 9**

Осигурувачот е должен уредно комплетираните оштетни барања да ги ликвидира во рок од 30 дена, сметано од денот на комплетирање на барањето. Под уредно комплетирано барање се подразбира кога кон оштетното барање се приложени следниве документи:

1) Оригинална полиса за осигурување
2) Оригинален товарен лист
3) Соодветен записник на штетата
4) Фактура за пратката
5) Фактура за штетата
6) Останати документи кои осигурувачот ги барал за решавање на штетата.

**Член 10**

Во случај на спор надлежен е соодветниот суд според седиштето на осигурувачот.